Друштво за трговија на големо и мало и услуги
ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ експорт-импорт
Бр. 031795
05-04. 2024 год.
СКОПЈЕ

# ПРАВИЛА НА НАГРАДНАТА ИГРА

# „ТИНЕКС И ПАРТНЕРИТЕ 30 ГОДИНИ ЗАЕДНО СО ВАС!"

Врз основа на членовите: 125, 126, 127, 128 и 129 од Законот за игрите на среќа и забавните игри (Службен весник на Република Македонија" бр. 24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16, 178/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 251/22), ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ Скопје со седиште на ул.: „Васил Ѓоргов" бр.16/1 мансарда 1, Скопје и ЕДБ 4030993244482 на ден 3.4.2024 г. ги донесе следните:

**ПРАВИЛА НА НАГРАДНАТА ИГРА**

**„ТИНЕКС И ПАРТНЕРИТЕ 30 ГОДИНИ ЗАЕДНО СО ВАС!"**

## ПРИРЕДУВАЧ НА НАГРАДНАТА ИГРА

**Член 1**

Приредувач на наградната игра **„ТИНЕКС И ПАРТНЕРИТЕ 30 ГОДИНИ ЗАЕДНО СО ВАС!"** (во понатамошниот текст: наградна игра) е Друштво за трговија на големо и мало и услуги ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ Скопје со седиште на ул.: „Васил Ѓоргов" бр.16/1 мансарда 1, Скопје (во понатамошниот текст: Приредувач).

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии / Ministria e financave
Скопје - Shkup
IV

## ИМЕ НА НАГРАДНАТА ИГРА

**Член 2**

Име на наградната игра е **„ТИНЕКС И ПАРТНЕРИТЕ 30 ГОДИНИ ЗАЕДНО СО ВАС!"**

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА НАГРАДНАТА ИГРА

**Член 3**

Наградната игра **„ТИНЕКС И ПАРТНЕРИТЕ 30 ГОДИНИ ЗАЕДНО СО ВАС!"** ќе трае започнувајќи од **23.4.2024** во 00:00:01 часот и ќе трае до **31.1.2025** во 23:59:59 часот, поделена во 9 месечни кола.

## МЕСТО НА ОДРЖУВАЊЕ НА НАГРАДНАТА ИГРА

**Член 4**

Наградната игра се организира и се спроведува во: сите „ТИНЕКС" Маркети, Дисконти, „Супер Тинекс" и „Тинекс Деликатесен" на целата територија на Република Северна Македонија.

## ЦЕЛ НА НАГРАДНАТА ИГРА

**Член 5**

Целта на оваа наградна игра е рекламирање на производите на партнерите на ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ Скопје.

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии - Скопје / Ministria e financave - Shkup
IV

**ПРАВО НА УЧЕСТВО**

**Член 6**

Право на учество во наградната игра имаат сите физички лица со навршени 18 години, жители на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст „учесници"), кои ги прифаќаат условите на овие Правила: учесниците кои за време на наградната игра ќе купат производи во вредност од најмалку 1.000,00денари и кои во купените производи ќе имаат најмалку по еден производ од четири различни брендови од понудените во месечното коло на една фискална сметка. Производите кои ќе учествуваат во месечното коло ќе бидат видно означени со ознака **„ТИНЕКС И ПАРТНЕРИТЕ 30 ГОДИНИ ЗАЕДНО СО ВАС!".** Учесниците ќе го испратат бројот на фискалната сметка, датумот и времето на купување напишано на фискалната сметка (час, минута, секунда) преку СМС порака на телефонскиот број **14700** или преку Вибер на **четботот TINEX**, од кој било мобилен оператор во државата. Да нема забуна дали потрошувачот исполнува услов да учествува во наградната игра, фискалните сметки во вредност од најмалку 1.000,00 денари и кои содржат најмалку по еден производ од најмалку четири различни брендови, ќе содржат текст **„ИГРАЈ" (во долниот дел од сметката).**

Брендовите кои ќе учествуваат во секое коло ќе бидат објавени на https://www.tinex.com.mk/nagradnaigra, и преку промотивните материјали изложени на местата на продажба во маркетите во кои се спроведува наградната игра (постери, индикатори).

**Наградната игра е поделена во 9 (девет) кола. Времетраење на првото коло е 23.4.2024-1.5.2024. Од второ до деветто коло времетраењето е еден календарски месец, односно 1.6.2024-**

**30.6.2024, 1.7.2024-31.7.2024, 1.8.2024-31.8.2024, 1.9.2024-30.9.2024, 1.10.2024-31.10.2024, 1.11.2024-30.11.2024, 1.12.2024-31.12.2024, 1.1.2025-31.1.2025.**

Учесниците во наградната игра ќе можат да испраќаат пораки преку СМС или Вибер од 23.4.2024 година од 00:00:01 часот до 31.1.2025 година до 23:59:59 часот, распоредено во девет месечни кола наведени во чл.7 од овие Правила. Со учеството во наградната игра, учесниците потврдуваат дека се целосно запознаени со одредбите на овие Правила и ја изразуваат својата согласност за прифаќање на истите.

**НАЧИН НА УЧЕСТВО ВО НАГРАДНАТА ИГРА**

**Член 7**

Во наградната игра **„ТИНЕКС И ПАРТНЕРИТЕ 30 ГОДИНИ ЗАЕДНО СО ВАС!"** може да се учествува преку испраќање на **СМС порака на бројот 14700** или преку Вибер порака на **четботот TINEX.**

СМС пораката на бројот **14700** или Вибер пораката на **четботот TINEX** се испраќа на следниот начин: #број на фискалната сметка (празно место) датум (ден, месец, година) (празно место) и времето на купување напишано на фискалната сметка (час, минута, секунда) на која се евидентирани купените производи означени со ознака **„ТИНЕКС И ПАРТНЕРИТЕ 30 ГОДИНИ ЗАЕДНО СО ВАС!"**. Наведениот телефонски број важи за сите мобилни оператори во земјата, без користење на префикс (цената на СМС пораката изнесува **5 денари + ДДВ).**

Секој учесник во наградната игра е должен фискалната сметка за купените производи да ја чува до подигнувањето на потенцијалната награда, како услов за да ја добие наградата.

Едно лице може да учествува во наградната игра неограничен број пати, но со користење на различни фискални сметки. Секоја фискална сметка може да се користи само еднаш.

Доколку еден учесник е извлечен како добитник на одредена награда во едно коло, не може да биде извлечен за друга награда од истото коло. Но, истиот тој учесник може да биде извлечен како добитник на некоја од наградите во секое наредно коло, доколку учествува со валидна фискална сметка за тоа коло.

Наградната игра ќе биде поделена на 9 кола и ќе има 9 извлекувања.

Времетраење на првото коло е 23.4.2024-31.5.2024. Од второ до деветo коло времетраењето е еден календарски месец, односно 1.6.2024-30.6.2024, 1.7.2024-31.7.2024, 1.8.2024-31.8.2024, 1.9.2024-30.9.2024, 1.10.2024-31.10.2024, 1.11.2024-30.11.2024, 1.12.2024-31.12.2024, 1.1.2025-31.1.2025.

**Првото коло** е со времетраење од 23.4.2024 до 31.5.2024. Сите валидни СМС или Вибер пораки кои ќе бидат испратени во периодот од 23.4.2024 година од 00:00:01 часот до 31.5.2024 година до 23:59:59 часот учествуваат во наградната игра и извлекувањето за учесниците во првото коло кое ќе се одржи на 11.6.2024 г., додека сите СМС или Вибер пораки кои ќе бидат испратени пред започнувањето на наградната игра (пред 23.4.2024 година 00:00:01 часот), нема да учествуваат во извлекувањето на наградната игра.

Сите СМС или Вибер пораки кои ќе бидат испратени по завршувањето на првото коло (по 31.5.2024 година по 23:59:59 часот), и покрај тоа што фискалната сметка е со датум од

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии - Скопје / Ministria e financave - Shkup
IV

23.4.2024 до 31.5.2024 год, нема да учествуваат во извлекувањето на наградната игра.

Второто коло е со времетраење од 1.6.2024 до 30.6.2024. Сите валидни СМС или Вибер пораки кои ќе бидат испратени во периодот од 1.6.2024 година од 00:00:01 часот до 30.6.2024 година до 23:59:59 часот учествуваат во наградната игра и извлекувањето за учесниците во второто коло кое ќе се одржи на 10.7.2024г.

Сите СМС или Вибер пораки кои ќе бидат испратени по завршувањето на второто коло (по 30.6.2024 година по 23:59:59 часот, и покрај тоа што фискалната сметка е со датум од 1.6.2024 до 30.6.2024 год, нема да учествуваат во извлекувањето на наградната игра.

Третото коло е со времетраење од 1.7.2024 до 31.7.2024. Сите валидни СМС или Вибер пораки кои ќе бидат испратени во периодот од 1.7.2024 година од 00:00:01 часот до 31.7.2024 година до 23:59:59 часот учествуваат во наградната игра и извлекувањето за учесниците во третото коло кое ќе се одржи на 9.8.2024 г.

Сите СМС или Вибер пораки кои ќе бидат испратени по завршувањето на третото коло (по 31.7.2024 година по 23:59:59 часот), и покрај тоа што фискалната сметка е со датум од 1.7.2024 до 31.7.2024 год, нема да учествуваат во извлекувањето на наградната игра.

Четвртото коло е со времетраење од 1.8.2024 до 31.8.2024. Сите валидни СМС или Вибер пораки кои ќе бидат испратени во периодот од 1.8.2024 година од 00:00:01 часот до 31.8.2024

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии - Скопје / Ministria e financave - Shkup
IV

година до 23:59:59 часот учествуваат во наградната игра и извлекувањето за учесниците во четвртото коло кое ќе се одржи на 10.9.2024 г.

Сите СМС или Вибер пораки кои ќе бидат испратени по завршувањето на четвртото коло (по 31.8.2024 година по 23:59:59 часот, и покрај тоа што фискалната сметка е со датум од 1.8.2024 до 31.8.2024 год, нема да учествуваат во извлекувањето на наградната игра.

Петтото коло е со времетраење од 1.9.2024 до 30.9.2024. Сите валидни СМС или Вибер пораки кои ќе бидат испратени во периодот од 1.9.2024 година од 00:00:01 часот до 30.9.2024 година до 23:59:59 часот, учествуваат во наградната игра и извлекувањето за учесниците во петтото коло кое ќе се одржи на 10.10.2024 г.

Сите СМС или Вибер пораки кои ќе бидат испратени по завршувањето на петтото коло (по 30.9.2024 година по 23:59:59 часот, и покрај тоа што фискалната сметка е со датум од 1.9.2024 до 30.9.2024 год, нема да учествуваат во извлекувањето на наградната игра.

Шестото коло е со времетраење од 1.10.2024 до 31.10.2024. Сите валидни СМС или Вибер пораки кои ќе бидат испратени во периодот од 1.10.2024 година од 00:00:01 часот до 31.10.2024 година до 23:59:59 часот, учествуваат во наградната игра и извлекувањето за учесниците во шестото коло кое ќе се одржи на 8.11.2024 г.

Сите СМС или Вибер пораки кои ќе бидат испратени по завршувањето на шестото коло (по 31.10.2024 година по 23:59:59

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии - Скопје / Ministria e financave - Shkup
IV

часот, и покрај тоа што фискалната сметка е со датум од 1.10.2024 до 31.10.2024 год, нема да учествуваат во извлекувањето на наградната игра.

Седмото коло е со времетраење од 1.11.2024 до 30.11.2024. Сите валидни СМС или Вибер пораки кои ќе бидат испратени во периодот од 1.11.2024 година од 00:00:01 часот до 30.11.2024 година до 23:59:59 часот, учествуваат во наградната игра и извлекувањето за учесниците во седмото коло кое ќе се одржи на 10.12.2024 г.

Сите СМС или Вибер пораки кои ќе бидат испратени по завршувањето на седмото коло (по 30.11.2024 година по 23:59:59 часот, и покрај тоа што фискалната сметка е со датум од 1.11.2024 до 30.11.2024 год, нема да учествуваат во извлекувањето на наградната игра.

Осмото коло е со времетраење од 1.12.2024 до 31.12.2024. Сите валидни СМС или Вибер пораки кои ќе бидат испратени во периодот од 1.12.2024 година од 00:00:01 часот до 31.12.2024 година до 23:59:59 часот, учествуваат во наградната игра и извлекувањето за учесниците во осмото коло кое ќе се одржи на 10.1.2025 г.

Сите СМС или Вибер пораки кои ќе бидат испратени по завршувањето на осмото коло (по 31.12.2024 година по 23:59:59 часот, и покрај тоа што фискалната сметка е со датум од 1.12.2024 до 31.12.2024 год, нема да учествуваат во извлекувањето на наградната игра.

Деветтото коло е со времетраење од 1.1.2025 до 31.1.2025. Сите валидни СМС или Вибер пораки кои ќе бидат испратени во

Република Северна Македонија - Министерство за финансии - Скопје / Republika e Maqedonisë së Veriut - Ministria e financave - Shkup IV

периодот од 1.1.2025 година од 00:00:01 часот до 31.1.2025 година до 23:59:59 часот, учествуваат во наградната игра и извлекувањето за учесниците во деветтото коло кое ќе се одржи на 11.2.2025 г.

Сите СМС или Вибер пораки кои ќе бидат испратени по завршувањето на деветтото коло (по 31.1.2025 година по 23:59:59 часот, и покрај тоа што фискалната сметка е со датум од 1.1.2025 до 31.1.2025 год, нема да учествуваат во извлекувањето на наградната игра.

**Повратните одговори на** СМС на телефонскиот број 14700 или Вибер пораки на четботот TINEX се следните:

- Кога учесникот праќа целосна / точна порака (број на фискалната сметка, датумот (ден, месец, година) и времето на купување напишано на фискалната (час,минута, секунда), системот испраќа одговор дека испраќачот е регистриран за учество во наградната игра и дека треба да ја чува фискалната сметка за доказ доколку добие награда.
- Доколку учесникот испрати не целосна порака, системот испраќа одговор дека испратената порака не е валидно форматирана и ќе содржи пример како треба да изгледа пораката.
- Доколку се испрати празна порака, системот испраќа одговор дека пораката е празна и дека е потребно да се изврши исправна регистрација.
- Доколку бидат испратени податоци со претходно испратен број на издавање на фискалната сметка, датумот (ден, месец, година ) и времето на купување напишано на

фискалната (час, минута, секунда), системот испраќа одговор дека испратениот код е веќе искористен.

- Доколку биде испратена порака во периодот пред почетокот на наградната игра, системот испраќа одговор на лицето кое се обидело да се регистрира, дека наградната игра сè уште не е започната.
- Доколку биде испратена порака во периодот по завршувањето на наградната игра, системот испраќа одговор дека наградната игра е завршена.
- За добитник на награда ќе биде испратена порака дека е добитник на награда.

Секоја фискална сметка која ќе биде добитна, нема да учествува во понатамошните извлекувања.

## ЗАБРАНА ЗА УЧЕСТВО ВО НАГРАДНАТА ИГРА

**Член 8**

Вработените во ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ Скопје, како и членовите на нивните потесни семејства немаат право на учество во наградната игра.

## ЗАПОЗНАВАЊЕ НА УЧЕСНИЦИТЕ СО ПРАВИЛАТА НА НАГРАДНАТА ИГРА

**Член 9**

Пред почетокот на наградната игра, а по добивање на согласност од Министерство за финансии, учесниците во наградната игра ќе бидат известени за начинот и условите за учество во наградната игра како и за нејзиното времетраење преку објавување на правилата на социјалните медиуми и на веб страницата

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии - Скопје / Ministria e financave - Shkup
IV

https://www.tinex.com.mk/nagradnaigra, телевизиски спот, радио реклама и преку промотивните материјали изложени на местата на продажба во маркетите во кои се спроведува наградната игра (постери, индикатори).

## НАГРАДЕН ФОНД

### Член 10

Наградната игра располага со следниот фонд на награди:

| награда | | Модел | количина | Единечна вредност без ДДВ | Единечна Вредност со ДДВ | Вкупно без ддв | Вкупно со ддв |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Автомобил | JEEP | Avenger 1.2 100 CV Longitude | 9 | 1,005,559.54 | 1,186,560.00 | 9,050,035.86 | 10,679,040.00 |
| Велосипеди | SPECIALIZED | Rockhopper 29 | 18 | 21,186.44 | 25,000.00 | 381,355.92 | 450,000.00 |
| Телевизор | SAMSUNG | LED TV UE50CU7092UXXH, 4K, SMART | 9 | 19,067.80 | 22,500.00 | 171,610.20 | 202,500.00 |
| Електричен тротинет | MS | MS Energy M10 | 18 | 16,100.85 | 18,999.00 | 289,815.30 | 341,982.00 |
| Робот правосмукалка | ROWENTA | RR 7877 WH | 18 | 15,254.24 | 18,000.00 | 274,576.32 | 324,000.00 |
| Климатизер | VIVAX | ACP-12CH35AEFIs R32 | 18 | 13,474.58 | 15,900.00 | 242,542.44 | 286,200.00 |
| Телефон | XIAOMI | Redmi Note 13 6+128GB | 18 | 10,338.14 | 12,199.00 | 186,086.52 | 219,582.00 |
| Прочистувач на воздух | BLUEAIR | Blueair DustMagnet 5210i | 9 | 12,727.88 | 15,018.90 | 114,550.92 | 135,170.00 |
| Фритеза на топол воздух | TEFAL | EY501815 | 18 | 6,101.69 | 7,200.00 | 109,830.42 | 129,600.00 |
| Кафемат | KRUPS | DLG KRUPS KP 1A3 B10 | 18 | 3,220.34 | 3,800.00 | 57,966.12 | 68,400.00 |
| Пегла на пареа | PHILIPS | DST 3011/20 | 18 | 2,203.39 | 2,600.00 | 39,661.02 | 46,800.00 |
| Звучник | VIVAX | BS-160 | 36 | 2,118.64 | 2,500.00 | 76,271.04 | 90,000.00 |
| Цедалка | PHILIPS | HR 2738 /00 | 27 | 1,186.44 | 1,400.00 | 32,033.88 | 37,800.00 |
| Вредносни ваучери | | | 90 | | 1,000.00 | | 90,000.00 |
| | | | 324 | 1,128,539.97 | 1,332,676.90 | 11,027,850.66 | 13,101,074.00 |

**Вкупниот фонд на награди со ДДВ изнесува 13,101,074.00денари (тринаесет милиони сто и една илјада седумдесет и четири денари ).**

Добиените награди не можат да се заменат за пари, други награди или услуги.

## ИЗВЛЕКУВАЊЕ НА НАГРАДИТЕ

### Член 11

Наградната игра започнува на **23.4.2024 во 00:00:01** и ќе трае до **31.1.2025 во 23:59:59, поделена во девет месечни кола.**

Еднаш месечно ќе се извлекуваат по 36 награди и тоа: месечни извлекувања (9 извлекувања) ќе се оддржат на следните датуми: **11.6.2024, 10.7.2024, 9.8.2024, 10.9.2024, 10.10.2024, 8.11.2024, 10.12.2024, 10.1.2025 и 11.2.2025. Времето на извлекување на наградите за секое коло ќе биде во 12.00 часот на претходно наведените термини** и на секое извлекување ќе се доделуваат следниве награди:

| награда | | Модел | количина |
|---|---|---|---|
| Автомобил | JEEP | Avenger 1.2 100 CV Longitude | 1 |
| Велосипеди | SPECIALIZED | Rockhopper 29 | 2 |
| Телевизор | SAMSUNG | LED TV UE50CU7092UXXH, 4K, SMART | 1 |
| Електричен тротинет | MS | MS Energy M10 | 2 |
| Робот правосмукалка | ROWENTA | RR 7877 WH | 2 |
| Климатизер | VIVAX | ACP-12CH35AEFIs R32 | 2 |
| Телефон | XIAOMI | Redmi Note 13 6+128GB | 2 |
| Прочистувач на воздух | BLUEAIR | Blueair DustMagnet 5210i | 1 |
| Фритеза на топол воздух | TEFAL | EY501815 | 2 |
| Кафемат | KRUPS | DLG KRUPS KP 1A3 B10 | 2 |
| Пегла на пареа | PHILIPS | DST 3011/20 | 2 |
| Звучник | VIVAX | BS-160 | 4 |
| Цедалка | PHILIPS | HR 2738 /00 | 3 |
| Вредносни ваучери | | | 10 |
| | | | 36 |

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии - Скопје / Ministria e financave - Shkup
IV

Добитниците ќе се извлечат по случаен избор со помош на компјутерска програма-софтвер за извлекување, која ќе избира од базата на податоци по основ на пратената порака од секој учесник.

Притоа, софтверот за извлекување ќе биде лоциран на следнава адреса: **Бул.: „ВМРО" 1/2-8 Скопје, 1000**

Извлекувањата на наведените термини за месечни извлекувања **(11.6.2024, 10.7.2024, 9.8.2024, 10.9.2024, 10.10.2024, 8.11.2024, 10.12.2024, 10.1.2025 и 11.2.2025)** ќе се вршат во **12.00часот** во просториите на Деловно комерцијален објект со катна гаража „Зебра Центар" Скопје со адреса на ул.: „Васил Ѓоргов" бр. 16 Скопје.

Софтверот за СМС пораки е изработен од: ДРУШТВО ЗА ИНФОРМАТИКА И ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ ВИРТУАЛ СЦ ДООЕЛ СКОПЈЕ, ул.: „Бојмија" бр.3/6к, 1000 Скопје

Добитниците на наградите ќе бидат извлекувани поединечно по наведениот редослед со софтвер припремен за таа намена. При извлекување на секој добитник, истовремено ќе бидат извлечени и 3 резервни добитници за конкретната награда. Добитникот (добитниците) ќе биде известен на добитниот телефонски број преку СМС порака. Истиот треба да се јави со валидна фискална сметка во рок од 72 часа од добивањето на пораката во ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ Скопје, (приредувач на наградната игра) на следниот телефонски број **+389 70249947** во работно време од 10:00 - 16:00 часот.

Доколку добитникот не се јави во предвидениот рок или не ги исполнува условите предвидени со овие Правила, наградата ќе се додели на резервниот добитник.

Доколку добитникот не поседува валидна фискална сметка во оригинал (копија на фискална сметка од маркет ќе се смета за невалидна), наградата ќе се додели на првиот резервен добитник. Доколку првиот резервен добитник не поседува валидна фискална сметка и/или не ги исполнува барањата од овие Правила, соодветната награда ќе се додели на следниот резервен добитник. Во случај ако сите резервни добитници не поседуваат валидна фискална сметка и/или не ги исполнува барањата од овие Правила, наградата нема да се додели.

Фискалната сметка треба да се чува како доказ за купените производи и прикаже при подигање на наградата. Истата треба да биде не оштетена и со јасно читливи податоци. Податоците во приложената фискална сметка треба да соодветствуваат со податоците испратени во пораката која е извлечена како добитна.

Приредувачот нема да сноси никаква одговорност за пораките што не ги содржат потребните информации и истите нема да бидат земени во предвид како валидни.

Извлекувањата на добитниците на наградите ќе го контролира комисија составена од двајца овластени претставници на ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ Скопје , еден овластен претставник на ВИРТУАЛ СЦ ДООЕЛ СКОПЈЕ и нотар кој ќе состави записник за текот на извлекувањето.

## ДОБИТНИЦИ НА НАГРАДИТЕ И НАЧИН НА ПОДИГНУВАЊЕ НА НАГРАДИТЕ

### Член 12

Резултатите, односно телефонските броеви на добитниците со заштитен префикс ќе бидат објавени на веб страницата на

наградната игра (https://www.tinex.com.mk/nagradnaigra) најдоцна во рок од 3 дена од завршувањето на секое извлекување. Добитниците ќе бидат известени преку СМС порака на телефонскиот број со кој се имаат регистрирано. Истите треба да се јават во рок од 72 часа од добивањето на пораката во ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ Скопје, (приредувач на наградната игра) на следниот телефонски број **+389 70249947** во работно време од 10:00 - 16:00 часот.

Освоената награда може да се подигне најдоцна 30 дена од објавувањето на добитниците на веб страницата https://www.tinex.com.mk/nagradnaigra.

Наградите ќе може да се подигнат од административните простории на ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ Скопје во ТЦ Зебра, на ул.: „Васил Ѓоргов" бр.16/1 мансарда 1, кат 4, Скопје. Крајниот рок за подигање на наградите е 30 дена од денот на извлекувањето на соодветната награда, освен ако со овие правила не е поинаку предвидено.

При подигањето на наградите добитниците се должни да ја предадат фискалната сметка со која се пријавиле за учество во наградната игра, како и да потпишат изјава и/или записник за примопредавање/преземање на наградата. Во случај кога добитникот од било која причина не е во состојба да ја подигне наградата лично, истата може да биде предадена на трето лице врз основа на заверено полномошно кај надлежен нотар потпишано од страна на добитникот.

Лицето кое е одговорно за предавање на наградата ќе утврди дали податоците за лицето кое ја презема наградата соодветствуваат со податоците доставени до Приредувачот. Дополнително се прави увид во фискалната сметка и се

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии - Скопје / Ministria e financave - Shkup
IV

проверува дали унифицираниот код на фискалната сметка и времето на купување на производите назначено во фискалната сметка се поклопуваат со оние оставени во пријавата за наградната игра, како и да дали фискалната сметка е на износ најмалку 1.000,00денари, дали фискалната сметка содржи најмалку по еден производ од најмалку четири различни брендови кои ќе бидат видно означени со ознака **„ТИНЕКС И ПАРТНЕРИТЕ 30 ГОДИНИ ЗАЕДНО СО ВАС!", дали фискалната сметка содржи** текст **„играј" (во долниот дел од сметката),** а се проверува и датумот на фискалната сметка. Фискалната сметка се предава на лицето одговорно за примопредавање на наградата.

Доколку се исполнети условите за примопредавање на наградата се потпишува изјава/записник за примопредавање на наградата кој треба, меѓу другото, треба да содржи: опис на производот, датум на примопредавање, податоци за лицето кое ја презема наградата (име, презиме, адреса и единствен матичен број за награди за кои се исплаќа персонален данок на доход и потпис на добитникот (лицето кое ја презема наградата).

Приредувачот не може и нема да биде одговорен, доколку добитникот поради било која причина, не е достапен во период од 72 часа по неговото излекување и информирање, по што тој/таа го губи правото на награда. Приредувачот нема да има дополнителни одговорности кон добитникот. Во овој случај Приредувачот пристапува кон контактирање на резервниот добитник.

## ДАНОЧНИ ОБВРСКИ НА ДОБИТНИЦИТЕ НА НАГРАДИТЕ

**Член 13**

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии - Скопје / Ministria e financave - Shkup
IV

Приредувачот е одговорен за сите даноци и надоместоци поврзани со наградите вклучувајќи го и персоналниот данок на доход.

**ПРИГОВОРИ НА УЧЕСНИЦИТЕ**

**Член 14**

Незадоволниот учесник има право да поднесе писмен приговор до Приредувачот на наградната игра, во рок од 5 (пет) дена од денот на објавување на секој од добитниците и тоа на адреса ул.: „Васил Ѓоргов" бр. 16/1 мансарда 1, 1000 Скопје.

Приредувачот е должен писмено да одговори на приговорот во рок од 5 (пет) дена од приемот на истиот.

**ОДГОВОРНОСТ**

**Член 15**

Потенцијалниот учесник во оваа наградна игра разбира и се согласува дека учествува во наградната игра на свој сопствен ризик.

Приредувачот не одговара за евентуалните штети причинети во текот или во врска со учеството во наградната игра.

Приредувачот не одговара во случај кога добиената награда не може да биде дадена или искористена поради неможност потенцијалниот добитник или негов претставник да се јави и да ја добие наградата во определените рокови или поради други технички или правни пречки поврзани со конкретниот добитник или негов претставник и поради околности предизвикани од виша сила, нормативни или законски ограничувања или други околности.

**ПРЕСТАНОК НА ОБВРСКИТЕ**

**Член 16**

Од моментот на преземање на наградата, престануваат сите обврски на Приредувачот кон добитникот на наградата.

**ПРЕКИН НА НАГРАДНАТА ИГРА**

**Член 17**

Наградната игра може да се прекине само во случај ако настапат околности за кои Приредувачот на наградната игра не е одговорен, односно ако постојат околности кои Приредувачот не можел да ги спречи, отстрани или избегне согласно член 8 од Законот за игри на среќа и забавни игри и по согласност и известување од страна на Министерството за финансии. Учесниците во наградната игра за прекинот на наградната игра ќе бидат известени по електронски пат или преку друг јавен медиум.

**СОГЛАСНОСТ И СОБИРАЊЕ, ОБРАБОТУВАЊЕ И ЗАЧУВУВАЊЕ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ**

**Член 18**

Во согласност со Правилата, односно со испраќање на СМС порака на бројот **14700** или преку Вибер порака на **четботот TINEX**, учесникот се согласува неговите лични податоци да бидат обработувани од страна на Приредувачот ТИНЕКС МТ ДООЕЛ Скопје и ВИРТУАЛ СЦ ДООЕЛ СКОПЈЕ, а со цел за учество во наградната игра.

Во согласност со Правилата, доколку учесникот биде известен дека е добитник на некоја од наградите, предмет на оваа наградна игра, истиот се согласува неговите лични податоци да бидат обработувани со цел остварување на легитимни цели, односно законски обврски (име и презиме, адреса на живеење со улица и број, место и општина, место на престој и ЕМБГ - податоци потребни за плаќање на персонален данок за добитникот на награда).

Ова вклучува: собирање, евидентирање, организирање, чување, приспособување или промена, повлекување, консултирање, употреба, откривање преку пренесување, објавување или на друг начин правење достапни, изедначување, комбинирање, блокирање, бришење или уништување на личните податоци.

Со учество во наградната игра, учесникот дава согласност неговите лични податоци да можат да се обработуваат и користат за маркетинг цели (директен маркетинг), односно промоција на производите и услугите, предмет на оваа наградна игра.

Со учество во наградната игра, учесникот е согласен да биде фотографиран и снимен, а неговите фотографии и снимен материјал да се обработуваат за целите на наградната игра и истите да се објавуваат на медиуми (пишани, електронски, телевизија и др.), но и за цели на вршење директен маркетинг на производите и услугите на сите поврзани друштва со Приредувачот.

Личните податоци ќе бидат споделени со трета страна единствено за предмет и цели компатибилни на наградната игра, односно со страна чиешто учество во наградната игра е неизбежно (на пример, компанија која ги испорачува наградите).

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии / Ministria e financave
Скопје - Shkup
IV

Врз основа на оваа согласност, а доколку не постои друг законски основ, податоците ќе се чуваат согласно Законот за заштита на лични податоци и другите позитивни прописи во РСМ во рок кој е неопходен за исполнување на сите цели и обврски од оваа наградна игра, но не подого од 30 дена по истекот на последниот ден за испорака на наградите до добитниците.

Приредувачот се обврзува дека по исполнувањето на целите на наградната игра, односно завршување на сите активности предвидени со овие Правила, согласно прописите за заштита на личните податоци во Република Северна Македонија, ќе пристапи кон уништување на личните податоци за кои нема законски или друг основ за натамошна обработка и чување.

Секој учесник има право во секое време да се обрати до Приредувачот на наградната игра и да ја повлече согласноста за обработка на неговите лични податоци за цел на директен маркетинг, наведувајќи ги притоа неговите лични податоци неопходни за идентификација на субјектот. Доколку лицето не ги наведе соодветните лични податоци од претходниот став, односно истото не може да се идентификува, неговото барање нема да се спроведе.

Учесниците имаат право во секој момент да побараат нивните лични податоци да бидат избришани или да побараат корекција на неточни податоци, како и да побараат информација од Приредувачот на наградната игра во врска со обработката на нивните лични податоци.

Приредувачот нема да ги употребува личните информации за никаква друга цел, освен за потребите на наградната игра. Исклучок се само податоците на корисниците кои ќе пристапат на Вибер четботот  TINEX, за чиешто користење важат Правилата и

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии - Скопје / Ministria e financave - Shkup
IV

условите за користење како што се наведени на веб страницата https://www.tinex.com.mk/nagradnaigra.

Личните податоци ќе бидат споделени со трета страна чиешто учество во наградната игра е неизбежно, кои се обврзуваат да ги чуваат и обработуваат овие податоци согласно законот.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 19**

Учесникот кој учествува во наградната игра ги прифаќа правата и обврските кои произлегуваат од Правилата на наградната игра. Правилата на наградната игра ги пропишува Приредувачот на наградната игра, а истите се применуваат по добиената согласност која ја дава Министерството за финансии на РСМ.

Правилата на наградната игра, со цел запознавање на потенцијалните учесници на истата, ќе бидат објавени јавно на веб страницата https://www.tinex.com.mk/nagradnaigra пред почетокот на наградната игра. За начинот на учество во наградната игра ќе се презентира преку објави на социјални медиуми, краток телевизиски спот, радио реклама и преку промотивните материјали изложени на местата на продажба во маркетите во кои се спроведува наградната игра (постери, индикатори).

Учесниците за сите дополнителни информации ќе можат да се јават и на инфо телефонскиот број на Приредувачот на наградната игра +38970249947 секој работен ден од понеделник до петок во работно време од 10:00 - 16:00 часот.

**РАЗРЕШУВАЊЕ НА ЕВЕНТУАЛНИ СПОРОВИ**

**Член 20**

Договорните страни се согласни сите спорови што ќе произлезат од наградната игра да се решат спогодбено, а во спротивно надлежен е Основниот граѓански суд во Скопје.

Приредувач,

ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ Скопје